РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
Бр. 09-2184/1
03.10.2023 год.
РЕСЕН

Врз основа на член 65 став 6 од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 89/22 и 171/22), Градоначалникот на Општина Ресен , на ден 28.09.2023 година, донесе

**Одлука за неспроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН СО НАМЕНА Е1.13-ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ СО МОЌНОСТ ДО 1MW НА К.П.БР.1363/2 И К.П.БР. 1364/2, КО СОПОТСКО, м.в.„ЕЗЕРИШТЕ“, ОПШТИНА РЕСЕН. кој се носи согласно чл.58, ст.(6) од Законот за урбанистичко планирање (,,Сл.Весник на РСМ “ бр.32/20 и 111/23) , не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Ресен, www.resen.gov.mk.

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став ( 4 ) од Законот за животната средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН СО НАМЕНА Е1.13-ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ СО МОЌНОСТ ДО 1MW НА К.П.БР.1363/2 И К.П.БР. 1364/2, КО СОПОТСКО, м.в. „ЕЗЕРИШТЕ“, ОПШТИНА РЕСЕНнема влијание врз животната средина од следните причини: изградбата на соларни и фотоволтаични електрани од аспект на животната средина не придонесува за загадување, уништување или на друг начин деградирање на истата или на екосистемите во предметниот простор на урбанизација. Напротив, со инсталирањето на овој тип извор на електрична енергија на индиректен начин се придонесува за помала емисија на $CO_2$, од причини што се заменуваат конвеционални начини на производство на елек.енергија како што се термоелектраните . Согласно чл.54, ст.(4) од Законот за урбанистичко планирање, предметното земјиште кое со оваа проектно планска документација се урбанизира го задржува статусот на земјоделско земјиште, градежните активности за изведба на ваков тип на градби не вклучуваат поголеми градежи зафати туку мали интервенции за поставување на монтажно, демонтажни конструктивни елементи.

Инвеститорот во подоцнежните фази од постапката се задолжува со изработка на Елаборат за животна средина, за чие одобрување на истиот е надлежен Градоначалникот на општина Ресен.

4. Против оваа одлука, јавноста има право на жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр. ______________________

Место, Ресен

**Градоначалник на општина Ресен**

**Јован Тозиевски**